ОСИГУРУВАЊЕ МАКЕДОНИЈА
VIENNA INSURANCE GROUP

**Датум:** 02.04.2018

**ПОЛНОМОШНИК НА АКЦИОНЕР НА СОБРАНИЕ**

Секој акционер може да овласти со полномошно друго физичко или правно лице како свој полномошник на седницата на Собранието. Полномошното се издава во писмена форма и истото треба да содржи податоци за идентитетот на акционерот и полномошникот, и тоа:

- за акционерот - пополнето целосно име и презиме, своерачен потпис и ЕМБГ на акционер физичко лице, односно назив, седиште, ЕМБС, целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на акционер правно лице,
- за полномошникот - целосно име, презиме и ЕМБГ за полномошник физичко лице, односно назив, седиште и ЕМБС на полномошник правно лице.

Акционерите се должни веднаш да го известат Друштвото за секое дадено полномошно со доставување на полномошното на еден од следните начини:

- по електронски пат на адреса: **ivica.medarski@insumak.mk** кога се доставува копија во скенирана форма,
- по писмен пат на адреса:

**Акционерско друштво за осигурување и реосигурување**
**МАКЕДОНИЈА Скопје – Виена Иншуренс Груп**
**Ул. "11 Октомври бр.25" Скопје**
**За: Управен одбор**

Друштвото може да бара дополнително утврдување на личниот идентитет на акционерот како услов за уважување на полномошното, како и верификација на дадени инструкции за гласање.

Полномошникот е должен при евиденција на своето присусутво на Собранието да го предаде полномошното во писмена форма во оригинал, како и да презентира документ за идентификација (лична карта или пасош).

За полномошници на Собранието можат да бидат назначени и лица кај кои постои конфликт на интерес согласно Законот за трговски друштва, под услов ако полномошниците:

- претходно им обелоделиле на акционерите дека постои конфликт на интерес
- добиле конкретни инструкции за гласање во писмена форма од акционерите од кои се овластени да бидат нивни полномошници за секоја предложена точка за гласање по точките на дневниот ред на седницата на Собранието.